# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗАМП

2015 година



СОДРЖИНА:


Активности поврзани со измените и дополнувањата на ЗАПСП 3

Распределба на наплата - Финансов сектор 5

Сектор за перцепција 10

Сектор за репартиција 10

Сектор за документација и меѓународна соработка 12

Членарина кон CISAC, IPI систем 13

# Извештај за работата на ЗАМП во 2015 година

**Почитувани,**

Во извештајот за работата на Здружението за заштита на авторски музички права - ЗАМП опфатени се сите активности кои се случуваа во календарската 2015 година.

## 1.Активности поврзани согласно измените и дополнувањата на ЗАПСП

На ден 27.08.2015 година Собранието на Република Македонија по скратена постапка го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за авторското право и сродните права и истиот беше објавен во Службен Весник на РМ. Бр.154/15 04.09.2015 година. Горе наведениот закон беше донесен без да се одржи јавна расправа по однос на предложените измени и без притоа да се побара мислење од заинтересираните лица, во конкретниот случај авторите.

Со предложените измени на членот 137 и додавањето на новите точки 4, 5, 6 се определи и ограничи надоместокот кај радиодифузното емитување и дека тој не можеше да изнесува на годишно ниво повеќе од 18, 12 и 6 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија, а со точка 12 се ослободуваа од плаќање поедини категории на корисници (таксисти, јавен превоз, музеи, планинарски домови, одморалишта и сл.).

На Седниците на Надзорниот Одбор, Управниот Одбор и Собранието на ЗАМП одржани на 10.09.2015 година беше донесена одлука донесените измени по скратена постапка да бидат укинати и ваквите барања беа доставени до надлежните државни органи. Вакво обраќање и барање имаа доставено ЦИСАЦ и ГЕСАЦ како и авторските организации од бившите југословенски републики кои покрај барањето за укинување на овие измени до 31.12.2015 година донесоа и заклучок дека доколку истите не бидат укинати ќе бидат принудени да од 01.01.2016 година поднесат барање до ЗАМП да забрани емитување и користење на музички дела од нивниот репертоар.

Бидејќи по сите овие барања надлежните државни органи не дадоа никаков одговор, ниту пак преставниците на ЗАМП беа поканети на разговор, на одржаната седница на ден 21.12.2015 година, членовите на Собранието на ЗАМП донесоа едногласна одлука за забрана за емитување на авторски музички дела од репертоарот на ЗАМП по пат на радио-дифузно емитување започнувајќи од 01.01.2016 година, па во иднина сé до нејзиното отповикување.

Кон забраната за емитување на авторски музички дела од нивниот репертоар се придружија и организациите од регионот Република Србија - СОКОЈ и Република Хрватска ХДС-ЗАМП.

ЗАМП на 25.12.2015 година до сите радио телевизиски организации во РМ, надлежните државни институции, како и до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави забрана за емитување на авторски музички дела по пат на радиодифузно емитување од репертоарот на ЗАМП, како и од репертоарот на СОКОЈ и ХДС-ЗАМП, започнувајќи од 01.01.2016 година.

Во Министерството за култура на РМ на 31.12.2015 година се одржа средба на која присуствуваа министерката за култура д-р Елизабета Канчевска Милевска, министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска Томовска, претседателите на Управниот одбор и Собранието на ЗАМП.

На средбата беше договорено започнувајќи од 04.01.2016 година, а во рок од 15 дена, работни групи составени од преставници на Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и претставници на ЗАМП да започнат со работа

на утврдување на текст на закон за изменување и дополнување на ЗАПСП, а воедно и ЗАМП забраната за емитување да ја стави во мирување до 20.01.2016 година и за тоа да ги извести радио телевизиските организации во РМ.

Работните групи од ЗАМП и Министерството за култура работеа на усогласување на текстот за измени и дополнување на ЗАПСП до 25.01.2016 година. Беа прифатени барањата на авторите за укинување на одредбите од членот 137 точките 4 и 5 за бришење на ограничувњето на надоместокот кај радиодифузното емитување кој на годишно ниво не можеше да изнесува повеќе од 18, 12 и 6 месечни просечни плати исплатени во Република Македонија, а не беа прифатени барањата и не успеавме во преговорите по однос на точка 12 од истиот член каде се ослободуваат од плаќање поедини категории на корисници. Бидејќи од Министерството за култура беше прифатено бришење на штетните одредби кај радио-дифузното емитување, Собранието на ЗАМП се согласи со измените. Како текст на Предлог измени и дополнувања на ЗАПСП ја помина владината постапка и на 10.02.2016 година по скратена постапка беше усвоен од Собранието на РМ. Законот за измени и дополнување на ЗАПСП е објавен во Сл.весник на РМ бр. 27 /16 од 15.02.2016 година..



## 2. Распределба на наплатата - финансов сектор

Вкупната наплата во календарската 2015 година изнесува **123.719.617,00 денари** што во однос на 2014 година претставува намалување **од 11.800.648,00 денари** или намалување од **8,71 %**.




Наплатата по категории на наплата во 2015 година во споредба со 2014 година изнесува како што следи:

| Ред. бр. | КАТЕГОРИИ НА НАПЛАТА | НАПЛАТА во 2014 год. | НАПЛАТА во 2015 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА | 276.150,00 | 329.024,00 |
| 2 | КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА | 3.845.846,00 | 4.203.732,00 |
| 3 | ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ | 8.869.007,00 | 11.394.518,00 |
| 4 | ЖИВА МУЗИКА | 259.870,00 | 427.442,00 |
| 5 | АПАРАТИ ЗА МЕХАНИЧКА МУЗИКА | 10.854.972,00 | 16.131.995,00 |
| 6 | РАДИОДИФУЗНИ РАДИО И ТВ СТАНИЦИ | 15.216.602,00 | 12.637.438,00 |
| | **ВКУПНО (1-6):** | **39.322.447,00** | **45.124.149,00** |
| 7 | МРТВ | 5.950.494,00 | 6.314.990,00 |
| | **ВКУПНО (1-7):** | **45.272.941,00** | **51.439.139,00** |
| 8 | МЕХАНИЧКА РЕПРОДУКЦИЈА | 4.000,00 | 4.000,00 |
| | **ВКУПНО (1-8):** | **45.276.941,00** | **51.443.139,00** |
| 9 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-ПО ДОГОВОРИ | 45.485.155,00 | 32.819.425,00 |
| 10 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-ПО ПРАВИЛНИК | 44.758.169,00 | 39.457.053,00 |
| | **СЕ ВКУПНО (1-10):** | **135.520.265,00** | **123.719.617,00** |




Наплатата по категории од 1-6 изнесува **45.124.149,00 денари** што во однос на 2014 година претставува зголемување од **5.801.702,00 денари** или зголемување во процентуален износ од **14,75%.**



Наплатата во категорија 6 - трговски радиодифузни друштва изнесува **12.637.438,00 денари.**




Во 2015 година наплатени се **6.314.990,00 денари** од МРТВ.



Согласно на погоре искажаното вкупната наплата во категориите од 1-7 изнесува **51.439.139,00 денари** што во однос на минатогодишната наплата во класите од 1-7 преставува зголемување од **6.166.198,00 денари** или изразено во процентуален износ од **13.62 %.**

Кај кабелските оператори во 2015 година наплатени се **72.276.478,00 денари** што во однос на 2014 година на наплата од **90.243.324,00 денари** преставува намалување од **17.966.846,00 денари** или намалување во процентуален износ од **19,91%**.




Од наплата од реден број 1-6 во износ од **45.124.149,00 денари** е пресметан делот што по тој основ им припаѓа на авторите од **85%**, во вкупен износ од **38.355.524,00 денари**. Овој износ се зголемува со делот што по овој основ им припаѓа на авторите од МРТВ во износ од **5.367.741,00 денари.** Овој фонд се зголемува и со наплатата од механичката репродукција 85% во износ од **3.400,00 денари**, приходи од кабелски оператори со издвоени **22**% CISAC-ови права согласно потпишаниот сервисен договор меѓу ЗАМП и иматели на права како и наплата согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела, во износ од **43.276.331,00 денари**, паричните средства вратени во 2015 година по завршување на судските постапки во износ од **3.173.725,00 денари** и приходи од камати на орочени денарски средства и девизни камати за 2015 година во износ од **2.278.018,00 денари,** како и приходи од кабелско реемитување на македонски ТВ канали во станство во износ од **291.832,00 денари,** приходи од курсни разлики и отуѓување на основни средства во износ од **61.699,00денари,** со што вкупната маса на парични средства за распределба за репартиционата 2015 година изнесува **92.808.270,00 денари.**

Масата за распределба за репартиционата 2015 година по одбиените трошоци соглсно одлуките на органите на управување по сите основи (инвестициони вложувања, трошоците

за водење на судски постапки-судски такси за започнати судски предмети, трошоци за ЦР, извршители, нотари, вештачења, исплата на приговори по репартиционата 2014 год. и др.) изнесува **88.298.512,00 денари** што во однос на 2014 година на износ од 8**8.352.787,00 денари** преставува намалување од **54.275,00 денари** или изразено во проценти намалување од **0,06%**




Согласно склучените билатерални договори со странските авторски друштва, ЗАМП има добиено парични средства во износ од **2.349.141,00 денари** од : АКМ-Австрија, APRA-Австралија, ARTISJUS-Унгарија, BMI-САД, BUMA-Холандија, GEMA-Германија, HDS ZAMP-Хрватска, JASRAC-Јапонија, IMRO–Ирска, PAM–Црна Гора, PRS-Велика Британија, SAZAS-Словенија, SGAE-Шпанија, SOCAN-Канада, SOKOJ-Србија, SOZA-Словачка, STIM-Шведска, SUISA-Швајцарија, TEOSTO-Финска и TONO-Норвешка а исплатени се кон сродните авторски друштва со износ од **18.458.008,00 денари.**



Салдото на паричните средства од издвоените **10% на 31.12.2014 година** изнесуваше **1.260,006,00 денари.** Овој износ е зголемен согласно одлуката на Собранието, за издвојување на средства по овој основ од фондот за репартиција за домашните автори за 2014 година од 2% во износ од **1.703.639,00 денари.** Овие средства беа намалени за трошоците направени во текот на 2015 година согласно планот за 2015 година и донесените одлуки од страна на Собрание во вкупен износ од **928.295,00 денари.** Салдото на 31.12.2015 година изнесува **2.035.350,00 денари.**

Согласно сервисните договори **ГЛА и Лиценцниот договор** за кабелско реемитување во 2015 година исплатени се обврските за претходни години према имателите на правата **AGICOA, членките на EBU и VG MEDIA** во износ од **25.044.123,00 денари**.

Обврските по истиот основ настанати во 2015 година а кои ќе бидат предмет на исплата во 2016 година изнесуваат **18.599.460,00 денари**.

## 3. Сектор за перцепција

ЗАМП, Согласно ЗАПСП надоместоците за користење на делата првенствено ги утврдува со договори со соодветни здруженија на корисници, односно нивните комори кои преставуваат мнозинство на корисници од определена дејност или збир на дејности.

Доколку авторскиот надоместок не може да се определи со договор со корисниците, тој се пресметува согласно Правилник со Тарифа за користење на авторски музички дела. Правилникот со Тарифа ги определува условите под кои корисниците (правни или физички лица) може да соопштуваат, односно објавуваат музички дела што ги штити ЗАМП на територијата на РМ.

Службата за Перцепција **издава Дозволи на корисници** (концертна, танцова, интерпретаторска) кои имаат склучено договор за вршење дејност од областа на културата во врска со колективното управување на авторското музичко право.

Против голем број корисници согласно обезбедените докази поднесени се 441 **Предлози за донесување решение со кое дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа** до овластени Нотари во РМ, а согласно на подрачјето и надлежностите на Апелационите судови во РМ, и тоа:

- На подрачјето на **Апелациониот суд во Битола** има 180 предмети (тука спаѓаат предмети од ОС од Битола, Охрид, Струга, Ресен, Прилеп, Македонски Брод, Крушево и Кичево),
- На подрачјето на **Апелациониот суд во Штип** има 5 предмети тука спаѓаат предмети од ОС од Штип, Кочани, Виница, Берово, Делчево, и Мак.Каменица.
- На подрачјето на **Апелациониот суд во Скопје** има 139 предмети.
- На подрачјето на **Апелациониот суд во Гостивар** има 117 предмети.

## 4. Сектор за Репартиција

Во 2015 година во секторот за Репартиција беа извршени активности кои можат да се групираат на тековни работи и на активности кои беа превземени со цел да се продолжи со трендот на унапредување на работата во секторот.

Во првата половина од 2015 година интензивно се работеше на внесот на изведените програми доставени од корисниците, се ажурираше базата на податоци и се направија неопходните измени во скриптовите.

Во март 2015 година беше извршена пресметката за репартиционата 2014 година во која беа опфатени 2.533 автори. Во редовната пресметка беше вкалкулирана и репартицијата за изведбите на авторските дела во рамките на концертната дејност , а воедно и пресметката по основ на ринг-тонови, полифони мелодии од корисникот "ОНЕ". На 31.03.2015 година. беше реализирана исплатата на годишните авторски хонорари за домашните автори .

Во периодот по првиот квартал и вториот квартал на 2015 година се работеше на внесот на странските дела изведувани на територијата на Република Македонија во 2014 година за кои биле наплатени авторските надоместоци. Во октомври 2015 година беше направена пресметка за странските дела изведувани на територијата на Република Македонија во 2014 година и за кои биле наплатени авторските надоместоци, по што беше реализирана и исплатата кон странските здруженија со што ЗАМП ја реализираше обврската која ја има кон странските здруженија со кои има склучено билатерални договори.

Во тековната година беше направена и пресметка за домашните автори чии дела биле изведени во странство и за чии изведби биле наплатени авторските надоместоци. Во ноември 2015 година беа реализирани исплатите од следните авторски здруженија : **ACUM** -Израел, **AEPI** -Грција **AKM**-Австрија, **APRA**-Австралија, **ARTISJUS**-Унгарија, **BMI**-САД, **BUMA**-Холандија, **XDSZAMP**-Хрватска, **JASRAC**-Јапонија, **LATGA**-Литванија, **PAM**–Црна Гора, **PRS**-Велика Британија, **SABAM**-Белгија, **SAZAS**-Словенија, **SOCAN**-Канада, **SOKOJ**-Србија, **SOZA**-Словачка, SQN-Босна и Херцеговина, **STIM**-Шведска, **SUISA**-Швајцарија,**TEOSTO**-Финска и **UCMR ADA** -Романија.

На полето на дигиталните сервиси се направи нов исчекор напред и во јуни 2015 година ЗАМП склучи договор и со популарниот сервис **YOUTUBE** по што се започна со процесот на прием на извештаи и обработка на истите од страна на Стручната служба на ЗАМП.

Согласно измените и дополнувањата во Законот за авторските и сродни права ЗАМП во 2015 година имаше законска обврска да обезбеди и инсталира софтвер со кој ќе се врши мониторинг и евидентирање на емитуваните музички содржини од сите радио-телевизиски организации на територијата на Република Македонија. Во јануари 2015 година беше добиено Решение за давање на дозвола за употреба на системот за електронска евиденција на авторски дела од страна на Министерсвото за култура на РМ. Сите радио-телевизиски организации во Р. Македонија беа навремено известени за овој систем при што беа побарани информации за нивната компјутерска поставеност. Откако се прибраа сите релевантни податоци за моменталните компјутерски конфигурации кај радио-телевизиските организации беше најавена и инсталацијата на програмот која се одвиваше во 5 фази.

Во законски определениот рок софтверот беше успешно инсталиран во вкупно 131 радио-телевизиски организации.

За додефинирање и определување на техничките карактеристики на системот за евиденција беа остварени средби со претставниците на Министерство за култура и Министерството за информатичко општество и администрација на РМ.

За потребите на Системот за електронска евиденција во јули 2015 година во ЗАМП беше изградена **сервер просторија** изведена според сите пропишани стандарди за простории од тој тип.

## 5. Сектор за документација и меѓународна соработка

Основна цел на Секторот за документација е да ги ажурира податоците на авторите и носителите на авторските права, како што се личните податоци и податоци за нивните дела. Така, во текот на 2015 година Секторот за документација регистрираше 103 нови автори и носители на авторски права, кои потпишале договори, односно пристапиле кон ЗАМП.

Во текот на 2015 година примени и евидентирани се 3.270 пријави на дела.

Секторот за документација ги внесува податоците за нашите автори во светската база на автори IPI CEA листа, од каде и ги превземаме податоците за странските автори. Базата на странски дела ја оформуваме врз основа на добиени стандардизирани податоци од соодветните друштва, или пак од светската база на дела CIS-Net, кон која сега се пристапува on-line.

Мора да напоменеме дека голем дел од авторите, чии дела се изведуваат, како во Македонија, така и во странство доставуваат податоци за тоа каде и кога е изведено делото. Секојдневната комуникација со нашите автори, како и со сестринските авторски друштва, во секој случај допринесува во зголемување на авторските хонорари кои ги добиваме од сродните авторски друштва, со кои ЗАМП има потпишано билатерални договори. Бројката на потпишани договори за мали права е 53, а за механички права е 16.

**Европскиот Комитет** на друштвата, членки на CISAC оваа година се одржа во Тбилиси (Грузија). На средбата присуствуваа 92 претставника од 53 друштва.

**Дванаесетата Регионална средба** се одржа во Љубљана на 29.09.2015 год. На средбата присуствуваа претставници од колективните организации во регионот, како SAZAS (Словенија), SOKOJ (Србија), ЗАМП (Македонија), AMUS (Босна и Херцеговина), HDS-ZAMP (Хрватска) и PAM (Црна Гора). Присутните работеа по следниот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од Регионалната средба во Скопје
2. Процес на примена на директивата 2014/26/ЕУ
3. Дигиталните сервиси, лиценцирање и обработката на податоци
4. Актуелни случувања во земјите од регионот
5. Заклучоци

На 15-16 октомври, околу 60 претставници, од 25 авторски друштва од Азија, Латинска Америка, Европа и Африка учествуваа на CISAC, **Техничкиот комитет за медиуми на CISAC** во Дубровник, Хрватска. Разговорите се фокусираа на најновите проблеми во онлајн и радиодифузно лиценцирање, како и за можностите во лиценцирање на креативни дела во дигиталната ера.

Претставници од 21 друштво од Централна и Источна Европа се состанаа во Будимпешта на годишната средба, која оваа година беше на тема **Обврзувачки Правила на CISAC**.

Професионалните и обврзувачките правила на CISAC веќе неколку години се дел од тековните обврски на сите авторски друштва, членки на CISAC. Секако, овие правила се подложни на исмени и дополнувања. Оваа средба беше фокусирана на измените во Обврзувачките правила, како процесот на документација, IPI, ISWC, пристап кон светските бази на автори и дела, адаптации и аранжмани, начин на распределба со подиздавачи, неидентификувани дела, недостиг на документација, кредит и дебит во распределба.

## 6.Членарина кон CISAC , IPI систем

Од фондовите на ЗАМП во 2015 год. извршена е исплата на членарина кон CISAC од **99.422,00 денари** за календарската 2014, членарина за користењето на **IPI** системот за две години во износ од **284.257,00 денари,** изградена е и опремена сервер собата во износ од **571.445,00 денари**, како и завршена е постапката за легализација на просторот и платени се комуналиите во износ од **1.815.875,00денари**.

Во извештајот се опфатени позначајните активности што ја одбележа оваа година, како резултат на секојдневното извршување на работните обврски на стручната служба.

**ЗАМП**

**Директор**
**Зоран Васковски**

